CIVICA MOBILITAS | Citizens for change!

АборТус

Бесплатна правна помош **П**ол **М**обинг

Вознемирување

Инцест **Љ**убомора **Ж**ртва

Економско насилство **Д**искриминација

Шовинизам **З**акана

Насилник **Р**од **Т**раума **Ф**еминизам

Советувалиште **П**ринуда

Човекови права

ВОДИЧ ВО ТЕРМИНОЛОГИЈАТА ЗА РОДОВО БАЗИРАНО НАСИЛСТВО ЗА НОВИНАРИ И МЕДИУМСКИ РАБОТНИЦИ

Национална мрежа против насилство врз жените и семејното насилство

ВОДИЧ ВО ТЕРМИНОЛОГИЈАТА ЗА РОДОВО БАЗИРАНО НАСИЛСТВО ЗА НОВИНАРИ И МЕДИУМСКИ РАБОТНИЦИ

Поддржано од:

CIVICA MOBILITAS

Содржината на оваа публикација е единствена одговорност на Националната мрежа против насилство врз жените и семејно насилство и на ниту еден начин не може да се смета дека ги одразува гледиштата на Цивика мобилитас, Швајцарската агенција за развој и соработка (SDC) или организациите што ја спроведуваат.

Проектот на Националната мрежа против насилство врз жените и семејно насилство „Насилството врз жените и медиумите: Унапредување на техниките за известување и медиумска покриеност на случаи на насилство врз жени“, е имплементиран со поддршка на програмата Цивика мобилитас, проект на Швајцарската агенција за развој и соработка (СДЦ) за поддршка на граѓанското општество во Македонија, кој го спроведуваат НИРАС од Данска, Македонскиот центар за меѓународна соработка (МЦМС) од Македонија и Шведскиот институт за јавна администрација (СИПУ).

Општа цел на проектот е унапредување на соработката на граѓанските организации и медиумите во насока на подигнување на свеста кај пошироката јавност за постоење на различни форми на насилство врз жени, како и заеднички настап во процесот на застапување за ратификација на Конвенцијата на Советот на Европа за спречување и заштита од насилство врз жени и домашно насилство.

Издавач:
Национална мрежа против насилство врз жените и семејно насилство - Глас против насилство
Христо Смирненски 16/а, 1000 Скопје
е-пошта: coordinator@glasprotivnasilstvo.org.mk
веб страница: www.glasprotivnasilstvo.org.mk

Подготвиле:
Елена Димушевска
Зурија Саит
Наташа Доковска

Графички дизајн:
ГРАФИК МАК ПРИНТ

Тираж:
200 примероци

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје
364.63-055.2(038)
ДИМУШЕВСКА,Елена, Водич во терминологијата за родово базирано насилство за новинари и медиумски работници / [подготвиле Елена Димушевска, Зурија Саит, Наташа Доковска]. - Скопје: Национална мрежа против насилство врз жените и семејно насилство - Глас против насилство, 2016. - 50 стр. ; 24 см
Библиографија: стр. 48-49
ISBN 978-608-65946-2-6
1. Саит, Зурија [автор] 2. Доковска, Наташа [автор]. - I. Dimushevska, Elena види Димушевска, Елена
а) Насилство врз жени - Лексикони
COBISS.MK-ID 10121652

Содржина

Вовед *8*

А *10*
Абортус 10
Активизам 10

Б *11*
Бесплатна правна помош 11

В *12*
Вербално насилство 12
Вознемирување 12
Виктимизација 12
В – деј (V-day) 13

Г *14*
Генитално осакатување 14

Д *15*
Домашно насилство/ семејно насилство 15
Декларација за елиминација на сите форми на насилство врз жените 15
Дискриминација 15
Дискриминација по основ на пол 16
Дискриминација по основ на род 16
Демнење 17

Е *18*
Економско насилство 18
Еднакви можности на жените и мажите 18

Ж *19*
Жени кои преживале насилство 19
Жртва 19
Женско чедоморство 19

З *20*
Закана 20
Засолништа 20
Закон за превенција, спречување и заштита од семејно насилство 20

И *21*
Инцест 21
Изолацијата 21
Интервенција 22
Интимно партнерско насилство 22
Извештај во сенка 22

К *23*
Конвенција на Совет на Европа (Истанбулска конвенција) 23
Конвенција на ОН 24
Кризен центар 24

Л *25*
Лишување од ресурси, можности и сервиси 25

Љ *25*
Љубомора 25

М *26*
Меѓународен ден за борба против насилство врз жените 26
Меѓународен ден на жените бранители на

човекови права, 29ти ноември 27
Монтреалски масакр, 6ти декември 27
Мизогинија 27
Мобинг 28
Малолетнички бракови / детски бракови 28
Мерки за заштита на жртви на семејно насилство 29
Малтретирање (bullying) 29

Н *30*
Насилство врз жените 30
Насилник 30

О *30*
Обљуба врз немоќно лице 30

П *31*
Пол 31
Принуда 31
Присилен абортус 31
Присилна стерилизација 31
Психолошко насилство 32
Принудни бракови 32
Порнографија 33
Проценка на ризик 33
Посттрауматско стресно растројство 33
Пекингшка декларација и Платформа за акција 34
Психо-социјална помош и поддршка 34
Привремени мерки за заштита од семејно насилство 35

Р *36*
Род 36
Родово базирано насилство врз жените 36
Родова осетливост 36
Родови улоги 36
Родов идентитет 37
Родова свесност 37
Родова интеграција (gender mainstreaming) 37
Родова рамноправност 38
Родова еднаквост 38
Родови стереотипи 38
Родова демократија 39

С *40*
Сексизам 40
Сексуално и репродуктивно здравје 40
Сексуални и репродуктивни права 40
Сексуалност 41
Сексуална експлоатација 41
Сексуално насилство 42
Сексуално вознемирување (на јавни простори и на работно место) 42
Селективен абортус 42
Сексуален напад 42

Самоубиство поради домашно насилство 43
Специјализирани услуги за жени жртви на насилство 43
Советувалиште за психосоцијален третман на сторители на семејно насилство 44
Т *45*
Трговија со луѓе 45
Трговија со луѓе и сексуална експлоатација 45
Траума 45
Телефонски линии за помош (СОС линии) 45
У *46*
Убиство во име на „Честа“ 46
Ф *47*
Фемицид 47
Физичко насилство 47
Феминизам 47
Ч *48*
Човекови права 48
Ш *48*
Шовинизам 48
Штетни традиционални практики 48
Водечки принципи за новинари и медиумски работници *49*
Типологија на насилство според Светска здравствена организација *55*
Сервиси за жртви на домашно насилство раководени од невладини организации, јуни 2015 *56*
СОС линии 56
Засолништа 56
Психосоцијална помош и поддршка 56
Бесплатна правна помош 56
Користена литература *57*

Вовед

Најдобриот интерес за жените кои преживеале насилство е основната идеја од која тргнавме при подготовката на речникот. Секој напор да се документира случај на родово базирано насилство од страна на медиумите мора првенствено да води сметка за безбедноста и сигурноста на овие жени. Овие два аспекти мора да имаат предност пред другите цели на известувањето, особено кога се работи за особено тешки злоупотреби, како што е масовно силување. Конкретно ова значи дека новинарите, известувачите и професионалците од медиумите, како и оние кои обезбедуваат сервиси за поддршка на жени кои преживеале насилство, мора да дадат приоритет на достоинството, приватноста, доверливоста, сигурноста, безбедноста и заштитата од повреда. Дополнително треба да се разгледа дали и како приказната потенцијално може да ги загрози жените кои преживеале некаква форма на насилство.

Жените кои преживеале насилство се директно поврзани со контекстот во кој нивната приказна е репортирана (објавена). Пред да се започне со подготовка на приказна за родово базирано насилство, мора да се има јасна цел за последиците од објавувањето и токму поради тоа мора истите да бидат внимателно разгледани. И двете предходно спомнати страни (медиуми и обезбедувачи на

сервиси), мора да бидат свесни за промената на динамиката во рамките на заедницата каде се случило насилството, како и за можните негативни влијанија. Потенцијалното позитивно влијание од известувањето за жени кои преживеале насилство и други во рамките на засегнатото население мора да биде јасно артикулирано, подалеку од едноставно подигање на свеста, промовирање на една организација и зголемување на нејзината видливоста и / или генерирање на поголем интерес на донаторите.

Родово базираното насилство претставува особен предизвик за медиумите. Тишината која го обвива овој проблем придонесува кон недостаток на информации, но многу често и кон двоумење или пак одбивање да се отворат прашања поврзани со негативен феномен со пандемски размери. Медиумите како важни актери во општествениот живот, особено во делот на промовирање вредности и ставови, го носат потенцијалот да имаат водечка улога во промената на перцепциите и осуда за различните форми на родово базираното насилство.

Целта на овој Водич е да им помогне на новинарите и медиумските работници во известувањето за формите на родово базирано насилство, а со тоа и во адресирањето на различните аспекти на ова прашање.

А

Абортус претставува прекин на бременоста. Абортусот може да биде намерен или спонтан. Абортусот е право на избор и репродуктивно право на секоја жена. Поддржувачите на абортусот сметаат дека жената има неотуѓиво право на своето сопствено тело поради тоа треба да има контрола и моќ да одлучува за прашања поврзани со репродукцијата.

Активизам означува преземање акција со определена цел, односно спроведување на одредена активност или комбинација на акции со цел да се предизвикаат посакувани и очекувани социјални и политички последици и резултати. Активизмот може да се спроведува во различни форми односно преку кампањи, демонстрации, подигнување на свест, протести, петиции, организирање на заедницата.

Б

Бесплатна правна помош вклучува бесплатни совети за правна заштита, превземање на различни усмени и писмени дејствија за нејзина заштита (тужби, жалби, приговори итн), како и бесплатно застапување во одредени случаи. Таа е од клучно значење за жените кои преживеале насилство, вклучително и домашно насилство, бидејќи судските и административни постапки се најчесто долги и комплексни и жртвите имаат потреба од правна помош за да можат да ги остварат своите права. Меѓутоа, правните постапки се скапи и многу од жртвите не се во можност да ги сносат трошоците. Овој вид на услуги се обезбедува преку центрите за социјална работа, но во најголем дел од страна на невладини организации.

В

Вербално насилство е форма на психичко/ емоционално насилство и вклучува користење на зборови кои се заканувачки, понижувачки, навредувачки, обвинувачки, критикувачки. Помалку агресивните форми на вербално насилство се однесуваат на изјави кои иако невпечатливи, сепак имаат скриена цел да ја манипулираат, понижат или лажно да ја обвинат жртвата.

Вознемирување и понижувачкото постапување претставува повреда на достоинството на лице или на група на лица кое произлегува од дискриминаторска основа која има за цел создавање заканувачка, непријатеска, понижувачка или застрашувачка средина, пристап или практика.

Виктимизација е појава со која едно лице врши штетни однесувања/дејствија кон друго лице (жртва) со што предизвикува различни психички и физички последици. Кај жртвите на родово базирано насилство често се случува и **секундарна виктимизација**, која се однесува на понатамошно повторување на штетните однесувања или од сторителот или од други лица, како на пример обвинување на жртвата дека е виновна или го предизвикала насилството, несоодветно однесување на медицинскиот персонал, судскиот систем, полициски службеници или други лица и организации кај кои жртвата се обратила за помош. Жртвите на сексуално насилство, силување и домашно насилство се скоро

секогаш изложени на секундарна виктимизација особено од страна на членовите на заедницата во која живеат.
Според феминистичките теории, виктимизацијата е резултат на родовата асиметрија на моќ, односно стигматизација на жените од страна на мажите.

В – дej (V-day) е глобално активистичко движење против насилство врз жените и девојките. Започнува во 1994 кога за прв пат на Бродвеј е поставена претставата „Вагинални монолози“ на Ив Енслер во која се зборува за женската сексуалност и социјалната стигма за силувањето и сексуалната злоупотреба, поттикнувајќи илјадници жени да ја споделат својата приказна. Во 1998, Ив Енслер со група на жени го воспоставува В-дej во Њу Јорк. Мисијата на В-дej е дека насилството врз жените и девојчињата мора за запре. За таа цел, еднаш годишно, на 14 февруари, Ив дозволува организациите низ целиот свет кои работатна ова прашање да ја репродуцираат претставата во својот град. Годишно се случуваат повеќе од 5800 настани на глобално ниво.

Г

Генитално осакатување – или познато како женско обрежување е штетна традиционална практика на целосно или делумно отстранување на надворешните гениталии кај младите девојчиња и жени. Се остава само мал отвор за уринарните патишта и ослободување од менструалната крв. Скоро никогаш не се врши во болнички услови, нивото на хигиена е ниско поради што како последица се јавуваат бројни инфекции, како и погрешно зашивање што може да доведе и до смрт. Гениталното осакатување е облик на сурова контрола на женската сексуалност и еден од најсуровите облици на инстиуционализирано насилство врз жените. Најчесто жртви се девојчиња до пет години.

Д

Домашно насилство/ семејно насилство - сите акти на физичко, сексуално, психичко, односно економско насилство што се случуваат во рамките на семејството или домаќинството односно помеѓу поранешни или сегашни сопружници или партнери без оглед дали сторителот го дели или го делел истото живеалиште со жртвата или не.

Декларација за елиминација на сите форми на насилство врз жените е усвоена на 20 декември 1993 година на Генералното Собрание на ОН и претставува прв меѓународен инструмент кој исклучиво го третира прашањето на насилство врз жената. Декларацијата дефинира дека насилството врз жените претставува кршење на основните човекови права и слободи на жената и предивидува обврска на државата да спроведе политика за елиминација на насилството врз жените. Како членка на ОН Република Македонија ја прифаќа оваа декларација. И покрај тоа што не е правно обврзувачка, има несомнено влијание во креирање на меѓународната политика за заштита од родово базирано насилство.

Дискриминација е секое неоправдано, правно или фактичко непосредно или посредно правење на разлика или нееднакво постапување во однос на лица или групи кое се заснова на пол, раса, боја на кожа, род, припадност на одредена група, етничка припадност,

социјално потекло религија или верско убедување, образование, семејна или брачна состојба, ментална и телесна попреченост или која било друга основа.

Дискриминација по основ на пол е секоја разлика, исклучување или ограничување врз основа на пол што има за последица или за цел да го загрози признавањето, остварувањето или практикувањето на човековите права и основни слободи врз основа на еднаквост на жените и мажите на политичко, економско, општествено, културно и граѓанско или друго поле.

Дискриминација по основ на род може да биде директна или индиректна, но и во двата случаи има ефект на негирање на еднаквите можности и права на индивидуата на основа на лични карактеристики. **Директна дискриминација** е секој акт, практика или политика на неповолно постапување, исклучување или ограничување која резултира со одземање или нарушување на еднаквото признавање или уживање на човековите права и основни слободи, споредено со третманот кој го имало некое друго лице во иста или слична ситуација. **Индиректна дискриминација** е секое ставање на некое лице во неповолна положба во споредба со други лица, со донесување на одредби или критериуми или со превземање определени дејства кои по содржина се навидум неутрални (освен кога споменатите одредби, критериуми или практики се објективно оправдани со легитимна цел, а содржините за постигнување на таа цел се соодветни и неопходни).

Демнење е намерно однесување на постојано ангажирање во опасно однесување насочено кон друга личност, предизвикувајќи страв за нејзината/неговата безбедност. Ова опфаќа повторувачко однесување од заканувачка природа против конкретна личност што има за последица влевање на чувство на страв кај жртвата. Опасното однесување може да се состои од повторувачко следење на жртвата, вклучување во несакана комуникација со жртвата преку сите достапни средства за комуникација, вклучително и модерните комуникациски средства и компјутерска технологија, како и ставање до знаење на жртвата дека е набљудувана. Понатаму, демнењето вклучува физичко следење на жртвата, појавување на нејзиното/неговото работно место, на спортски или образовни места каде е присутна и жртвата, како и виртуелно демнење на жртвата на социјалните мрежи. Уште повеќе, демнењето може да се состои и од најразлични деликтни однесувања, како што е уништувањето на имотот, оставање на суптилни траги од контакт со личните работи на жртвата, целење кон миленичињата, креирање на лажен идентитет или ширење на неточни информации on line.

Е

Економско насилство е секое дејствие на ограничување или спречување во располагање на лични приходи и финансиски средства, за одржување на заедничко домаќинство и за грижа на детето, со што се предизвикува економска зависност на жртвата. Економското насилство е форма на домашно насилство и на интимно партнерско насилство.

Еднакви можности на жените и мажите – значи промовирање на начелата за воведување на еднакво учество на жените и мажите во сите области на јавниот и приватниот сектор, еднаков статус и третман во остварувањето на сите права и во развојот на нивните индивидуални потенцијали преку кои тие придонесуваат во општествениот развој како и еднакви придобивки од тој развој.

Ж

Жени кои преживале насилство (survivors) се жени и девојчиња кои успеале да излезат од насилната средина и да го прекинат кругот на насилство без разлика дали насилните однесувања се случиле еднаш или повеќе пати.

Жртва – е секое лице кое трпи насилство од различен вид. Кога станува збор за родово базираното насилство и домашното насилство најчесто жртви се жените и девојчињата.

Женско чедоморство – негрижа и/или лишување на женските деца од храна, вода и други егзистенцијални потреби, кое во екстремни случаеви може да премине и во убиство на женските бебиња.

3

Закана е израз кој ја покажува намерата на едно лице да му нанесе болка или повреда на друго лице. Примерите вклучуваат, но не се ограничени на: вербални закани како што се закани да го напушти, да изврши самоубиство или физички закани, како што се кревање на рака, тупаница или гест.

Засолништа или сигурни куќи имаат намена да обезбедат пристап до безбедно сместување на жртви на насилство (најчесто домашно насилство), особено жени и деца, во истиот момент кога тоа ќе им биде потребно, односно кога веќе нема да бидат безбедни во своите домови. Покрај сместување (најчесто од 3 до 6 месеци), засолништата обезбедуваат храна, облека, средства за хигиена, медикаменти како и други потребштини. Засолништата се раководени од Минтерството за труд и социјална политика, или од женски невладини организации.

Закон за превенција, спречување и заштита од семејно насилство стапува на сила на 01.01.2015 година и има за цел превземање на мерки насочени кон превенција и заштита на жртвите на семејно насилство, почитување на основните човекови слободи и права, живот, личен интегритет, недискриминација и родова еднаквост со должно внимание на интересите и потребите на жртвата.

И

Инцест или родосквернавење е сексуален контакт помеѓу членови на семејството или лица кои се во крвно сродство, но и помеѓу лица кои се физички блиски, односно живеат во исто домаќинство, посвоени или мешани бракови. Инцестот е забранет со закон поради генетските нарушувања што се јавуваат кај децата кои имаат родители со блиски генетски врски. Инцестот е универзална појава и универзален табу, иако постојат варијации во зависност од средините. Инцестот помеѓу возрасен и малолетник е форма на сексуално насилство врз деца и претставува една од најекстремните форми на детска злоупотреба.

Изолацијата е форма на домашно насилство со која незаконски се ограничува слободата на движење на други лица преку забрана за влегување и излегување од заедничкиот стан/ куќа/ живеалиште. Изолација е ускратување на основните услови за живот на член на семејството/домаќинството. Изолација постои, кога на пример, на едно лице му е забрането да ја напушти собата во домот, држејќи го под контрола без никакви права, му се забранува интеракција со други членовите на семејството, пријатели, колеги, лишување од пристап до документи за лична идентификација. Сторителите на овој вид насилство го контролираат движењето на друг член на семејството со употреба на сила. Пример: кога мажот ја држи неговата сопруга заклучена во една просторија ускратувајќи ја нејзината слобода на движење,

користење тоалети, ја спречува слободно да комуницира со други лица.

Интервенција е секое дејство што се презема со цел да се елиминира родовото насилство. Интервенциите треба да бидат превентивни или реактивни и можат да имаат различни формати, како што се закони, политики, големи програми, или единствени проекти. Во контекст на здравствениот систем за одговор на родовото насилство, интервенцијата се разбира како акција што се превзема од страна на здравствените работници кон жените кои преживеале насилство, со цел обезбедување на прва помош, како и соодветна медицинска нега неопходна на жртвата.

Интимно партнерско насилство е насилство од страна на интимен партнер без разлика дали живеат во заедница или не, образец на контролирачко однесување кое вклучува психичка, физичка, емоционална, вербална, сексуална и/или економска злоупотреба.

Извештај во сенка е важна алатка за поддршка на невладините организации кои работат на прашањата поврзани со правата на жените. Со поднесување на извештај во сенка до Комитетите во рамки на системот на Обединети Нации, невладините организации можат да отворат прашања кои не биле покренати од страна на нивните влади, или пак да истакнат доколку владата се обидува да ја заобиколи реалната ситуација, и да ја претстави земјата во подобро светло.

К

Конвенција на Совет на Европа за спречување и борба против насилство врз жените и домашно насилство (Истанбулска конвенција) е најсеопфатниот меѓународен договор во оваа област. Нејзина цел е воспоставување на нулта толеранција за насилство врз жените и претставува значаен чекор во градењето на Европа како сигурно место за жените. Конвенцијата го препознава насилството врз жените како кршење на основните човекови права и манифестација на историски нееднаквите односи на моќ меѓу жената и мажот. Спречување на насилството, заштита на жртвите на насилство и гонење на сторителите се темели на Конвенцијата. Исто така, Конвенцијата се стреми кон менување на начинот на размислување на поединците повикувајќи ги сите членови на општеството да ги променат ставовите, а особено мажите и момчињата. Република Македонија беше меѓу првите држави кои ја потпишаа Конвенцијата, но се уште ја нема ратификувано. Конвенцијата стапи на сила на 1ви август 2014 година откако десет земји, членки на Советот на Европа ја ратификуваа. Конвенцијата ги обврзува државите кои ја ратификувале да превземат неопходни законодавни и други мерки за унапредување на правата на жените, а особено мерки за заштита на правата на жртвите без дискриминација по било кој основ.

Конвенција на ОН за елиминација на сите форми на дискриминација врз жените (CEDAW) е усвоена од Генералното собрание на ОН на 18 декември 1979 година. Овој документ е кулминација на деценииите меѓународни напори да се заштитат и да се промовираат правата на жените во светот и претставува прв универзален документ кој на сеопфатен начин ги елаборира клучните прашања за елиминирање на дискриминацијата врз жената. Конвенцијата оди над гаранциите за еднаквост и еднаква заштита пред законот во постојните правни инструменти и утврдува мерки за постигнување еднаквост меѓу мажите и жените, без оглед на нивната брачна состојба, во сите аспекти на политичкиот, економско-социјалниот и културниот живот. Република Македонија ја потпишува Конвенцијата на 3 април 2000 година. Државите-членки имаат обврска да ја елиминираат дискриминацијата врз жените преку правни, политички и програмски мерки. Обврската важи за сите сфери од животот, како и за работи поврзани со брачните и семејните односи и вклучува обврски за преземање на сите соодветни мерки за елиминирање на дискриминацијата врз жените од страна на кое било лице, организација или претпријатие.

Кризен центар е специјализиран сервис за жени жртви на насилство. Тоа се соодветни, лесно достапни центри за интервентно сместување (од 24 до 48 часа) на жени и деца жртви на домашно насилство, како и жени и девојки жртви на сексуално насилство и силување. Покрај сместување, храна, облека, медикаменти и други потребштини, треба да овозможи и лекарски, лабораториски и судскомедицински услуги.

Л

Лишување од ресурси, можности и сервиси е форма на домашно насилство со која се оневозможува, забранува пристап до економски ресурси или можности за живот, едукација, здравство или други социјални сервиси.

Љ

Љубомора е непријатна емоција што се заснова на посесивна љубов кон партнерот/ката и најчесто замислена (некогаш реална) закана дека ќе ја изгубат саканата личност, односно ќе бидат напуштени. Љубомората е чувство што се темели на несигурноста во сопствените вредности и немањето доверба во интимниот партнер. Љубомората е често причина за домашно насилство или интимно партнерско насилство.

М

Меѓународен ден за борба против насилство врз жените - на овој ден започнува и интернационалната кампања **16 дена активизам против насилство врз жени**, која прв пат е организирана во 1991 година од Институтот за женско глобално лидерство. Кампањата започнува на 25ти Ноември – Меѓународниот ден за борба против насилство врз жената и завршува на 10ти Декември – Меѓународниот ден на човекови права. 25ти ноември за прв пат почнал да се одбележува во 1981 година во знак на спомен на насилното убиство на Мирабел сестрите во 1960 од страна на диктаторот на Доминиканската Република, Рафаел Трухиљо. Како резултат на притисокот и делувањето на женските организации, Генералното Собрание на Обединетите нации, 1999 година го прогласило 25ти Ноември за Меѓународен ден за борба против насилство врз жените. Така, оваа кампања станува една од алатките за подигнување на свесноста на општата популација за системот за човекови права на Обединетите нации. Идејата е овие денови на еден симболичен начин да го поврзат насилството врз жената и човековите права, ставајќи акцент на тоа дека ваквиот вид на насилство е кршење на основните човекови права. Овие 16 дена активизам се користат за организирање стратегии од страна на поединци и групи, од целиот свет кои повикуваат на елиминација на сите форми на насилство врз жените. Од 1991 година, околу 5179 организации, од 187 земји, земале учество во оваа интернационална кампања.

Меѓународен ден на жените бранители на човекови права, 29ти ноември започнува да се одбележува во 2004 година, и се однесува на признавање и заштита на човековите права на жените бранители кои преку различни активности се залагаат за остварување на сите човекови права за сите луѓе. Кампањата истакнува дека жените кои се борат за човековите права, и сите активистки, се соочуваат со конкретни повреди, како резултат на нивниот пол. Тоа е ден на кој се одбележува активизмот, застапувањето и храбрите дела на отпорот.

Монтреалски масакр, 6ти декември 1989 година, 25 годишниот Марк Лепине, влегол на Универзитетот во Монтреал, во зградата на Факултетот за инженерство со полу- автоматска пушка. Започнал крвав поход во кој убил 14 жени и повредил уште 13 други од кои девет жени и четворица мажи. Лепине бил уверен дека не е примен на факултетот поради жените студентки. Пред да се убие, тој оставил писмо со објаснување, кое содржи критики за фемиситките, како и листа на деветнаесет истакнати жени, кои тој особено ги презирал. Оваа група убиени жени станале симбол, трагични претставници, на неправдата врз жените. Во 1991 година канадската влада го прогласи 6 ти декември за Национален ден на сеќавање и акции за насилството врз жените.

Мизогинија е омраза или предрасуда кон жените или девојките. Мизогинијата може да се манифестира на повеќе начини, како шеги на сметка на жените, порнографија, само-презирот кои жените се научени да го чувствуваат кон своите тела, при тоа вклучувајќи ја и половата дискриминација, оцрнувањето на жените,

насилството врз жените, сексуалната објектификација на жените. Мизогинија е централен дел на сексистичките предрасуди и идеологија и како таква е важна основа за угнетување на жените во машко-доминираните општества. Иако најчеста кај мажите, мизогинијата исто така, постои и се практикува од страна на жените во однос на другите жени, па дури и кон самите себе. Мизогинијата функционира како идеологија или верски систем кој ги придружува патријархалните/машко доминираните општества со илјадници години и продолжува да ги поставува жените во подредени позиции со ограничен пристап до моќ и донесувањето на одлуки.

Мобинг е појава на психичко малтретирање на работното место, кое се повторува низ активности чија цел е деградација на работните услови на работникот/чката, кои може да предизвикаат повреда на човековите права и достоинството, да наштетат на психичкото и телесно здравје и да ја компромитираат професионалната иднина на жртвата. Во македонската правна терминологија за поимот "мобинг" се употребува изразот "вознемирување на работното место".

Малолетнички бракови / детски бракови се еден вид на принудни бракови бидејќи се смета дека малолетно лице не може да донесе одлука за стапување во брак и оформување на семејство и дека раното стапување во брак може да доведе до трајни емоционални, физички и психолошки страдања. Покрај тоа, за девојчињата стапувањето прерано во брак значи уништување на можностите за образование и економски перспективи и

влијае за зголемување на сиромаштијата во многу заедници во светот. Ваквиот чин во меѓународните документи се смета за злоупотреба на дете и како такво е кривично дело.

Мерки за заштита на жртви на семејно насилство се регулирани со Законот за превенција, спречување и заштита од семејно насилство. Овие мерки ги спроведува Центарот за социјална работа и тие вклучуваат: обезбедување нужно сместување на лицето жртва на семејно насилство; обезбедување соодветна здравствена заштита; психосоцијална интервенција и третман; упатување во соодветно советувалиште; помош на семејството за редовно школување на дете; обезбедување правна помош и застапување; економско јакнење на жртвата преку нејзино активно вклучување на пазарот на труд.

Малтретирање (bullying) е несакано, агресивно однесување помеѓу деца на училишна возраст кое вклучува реално нарушување на балансот на моќ. Однесувањето се повторува, или има потенцијал да се повтори, со текот на времето. Двете деца и оние кои се малтретирани и оние кои малтретираат други можат да имаат сериозни и трајни проблеми.

Н

Насилство врз жените се разбира како кршење на човековите права и форма на дискриминација врз жените и ги означува сите акти на родово засновано насилство коишто доведуваат или веројатно ќе доведат до физичка, сексуална, психичка или економска повреда или страдање на жените, вклучувајќи и закани за такви акти, изнуда или произволно лишување од слобода, без оглед дали се случуваат во јавниот или приватниот живот.

Насилник е лице коешто врши насилни психички, сексуални или физички дејствија врз друго лице.

О

Обљуба врз немоќно лице е вршењето на насилен полов акт врз друг притоа злоупотребувајќи го душевното заболување, душевната растроеност, немоќта, заостанатиот душевен развој или друга состојба поради која тоа лице е неспособно за отпор.

П

Пол се однесува на биолошки и физиолшки карактеристики кои ги дефинираат мажите и жените, односно број и вид на полови хромозоми, хормони, внатрешна репродуктивна анатомија и надворешни гениталии. Овие карактеристики се универзални и генерално постојани. Исклучок се случаите на интерсексуалните лица кај кои уште од самото раѓање овие карактеристики не се ниту целосно типично машки, ниту целосно типично женски.

Принуда е кога едно лице тера или се обидува да присили друго да мисли или да дејствува на еден поинаков начин. Примерите вклучуваат, но не се ограничени на: принуда за отфрлање на обвиненијата покренати од жртвата; принуда на жртвата/ите да учествуваат во или извршуваат незаконски активности.

Присилен абортус е вршење абортус врз жена без нејзина претходна информирана согласност.

Присилна стерилизација е вршење операција врз жена без нејзина претходна информирана согласност односно разбирање на постапката чија цел или последица е да се прекине нејзината способност за природна репродукција. Принудното одземање на женскиот репродуктивен потенцијал може да доведе до екстремна социјална изолација, напуштање од страна на семејството, страв од медицински персонал и третмани, како и долготрајна

агонија. Жените кои се најпогодени од овој тип на насилство, се припаднички на маргинализираните групи на општеството во кое живеат како на пример жените Ромки, жените со ментална или физичка попреченост и жените инфицирани со ХИВ вирусот.

Психолошко насилство е форма на домашно насилство. Се манифестира преку неколку конкретни однесувања и тоа: контрола, изолација, љубомора и предизвикување емоционално страдање на жената, заплашување, заканување дека ќе ја повреди неа или блиски луѓе, спречување да работи надвор од домот, омаловажување или понижување пред другите, барање дозвола за здравствена заштита, инсистирање да знае каде е и со кого е цело време и сл.

Принудни бракови се примарно, но не и ексклузивно тесно врзани со насилството врз жените и домашното насилство. Овој начин на склучување на бракови ги лишува младите девојки и жените (само 15% од жртвите на принудни бракови се момчиња) од нивните основни човекови права, и често тие се подложени на емоционален стрес, закани и притисок, трпат психичко и физичко насилство од своите родители. Во некои земји, девојките се киднапирани од страна на семејството на младоженецот, и се држат затворени додека не го прифатат бракот. Според истражувањата, секој втор принудно случен брак продолжува со психичко и физичко насилство од партнерот и семејството на партнерот.

Порнографија се печатени или визуелни материјали кои содржат екплицитен опис или приказ на сексуалните органи или сексуални активности наменети за стимулирање еротски чувства, при тоа не земајќи ги во предвид естетските и емоционалните чувства. Под поимот детска порнографија се подразбира порнографски материјал кој визуелно прикажува очигледни полови дејствија со малолетник, или очигледни полови дејствија со лице кое изгледа како малолетник, или реални слики кои прикажуваат очигледни полови дејствија со малолетник.

Проценка на ризик е алатка за оценување и анализа која се прави од страна на застапникот или претставник на законот да се одреди нивото на ризик за повторување на насилството или можно убиство за жртви на домашно насилство врз основа на последните акции во однесувањето на насилникот, како и врз основа на менување на неговото однесување.

Посттрауматско стресно растројство е сериозно психолошко нарушување што може да се случи кај лице кое доживеало или било сведок на трауматски настан (во контекст на родово базирано насилство најчесто се јавува кај жртви на физичко насилство, сексуално насилство и силување, неочекувана смрт на близок). Се карактеризира со повторно преживување на траумата преку флешбекови и кошмари, избегнување на места и лица што може да предизвикаат сеќавање за трауматскиот настан, несоница, постојана вознемиреност и значително зголемена состојба на готовност.

Пекингшка декларација и Платформа за акција - на Четвртата светска конференција за жената, организирана од ОН во Пекинг, Кина, во септември 1995, беше донесена Декларација (позната како Пекиншка декларација) и Платформа за акција. Земјите членки на ООН, меѓу кои и Македонија, се обврзаа за имплементација на Платформата за акција, која опфаќа 12 области од посебен интерес за жените и тоа: жените и сиромаштијата, образованието, жените и здравјето, насилството, жените во вооружените конфликти, жените и економијата, жените и моќта и учеството во процесите на донесување на одлуки, институционалните механизми за зајакнување на жените, жените и човековите права, жените и медиумите, жените и животната средина и грижата за женските деца.

Психо-социјална помош и поддршка е општ термин за нетерапевтска интервенција преку која ќе и се помогне на жртвата да се справи со стресорот без разлика дали во домот или надвор од него. Се однесува на повеќе видови на помош и поддршка на жените жртви на различни форми на насилство, вклучувајќи превенција, советување и кризна интервенција. Советувалиштето е безбедно место за разговор каде жртвите може да ги споделат своите негативни искуства и доживувања и да работат на нивно надминување, а во насока на реинтеграција и продолжување со секојдневното живеење.

Привремени мерки за заштита од семејно насилство имаат за цел заштита на жртвите од идно насилство, а она што е најважно при тоа, не ја оневозможуваат заштитата обезбедена од казненото законодавство. Во оваа смисла тие се третираат како паралелен, помалку наметлив и позитивен начин на заштита, односно обезбедување сигурност на жртвата. Основно е овие привремени мерки за заштита да овозможат непосредна и брза помош на жртвата, во зависност од ескалацијата, односно обемот и видот на насилството. Се изрекуваат од страна на судот, врз основа на претходно поднесен предлог за нивно изрекување од страна на: Министерството за внатрешни работи; Центарот за социјална работа; родител или старател (доколку жртвата е малолетно лице); жртвата лично. Во законот за превенција, спречување и заштита од семејно насилство се предвидени 11 привремени мерки за заштита.

Р

Род ги означува општествено конструираните улоги, однесувања, активности и атрибути што дадено општество ги смета за соодветни за жените и за мажите.

Родово базирано насилство врз жените означува насилство насочено против жената затоа што е жена или коешто несразмерно ја погаѓа.

Родова осетливост ја придружува способноста да се осознаат и потенцираат постоечките родови разлики, прашања и еднаквости, и да се инкорпорираат истите во стратегии и акции. Родовата осетливост не значи дека повеќе не ги препознаваме разликите помеѓу мажите и жените.

Родови улоги се норми или уверувања во дадено општество/заедница или друга посебна група, што условуваат кои активности, задачи и одговорности се перцепирани како машки или женски. На родовите улоги влијае возраста, класата, расата, етничката и религиската припадност, како и географското, економското и политичкото опкружување. Промени во родовите улоги често се појавуваат како одговор на промени во економските, природните или политичките прилики, вклучително и генерални развојни напори. Тие најчесто се класифицираат како продуктивни (генерираат приход и богатство), репродуктивни (грижа за и одржување на човечкиот живот) и управување со заедницата (носење на

одлуки и воспоставување и одржување на ред, структури и системи во заедницата).

Родов идентитет - Мажественоста (masculinity) и женственоста (femininity), или нечиј родов идентет се однесува на степенот до кој особите се прецепираат себеси како машки или женски имајќи го во предвид тоа што значи да си машко или женско во едно општество. Според Американската психолошка асоцијација, родовиот идентитет се однесува на чувството кое особата го има за себе како машко, женско или трансродова особа. Кога родовиот идентитет и биолошкиот пол на една особа не се конгруентни, таа може да се идентификува како трансексуална особа или како друга трансродова категорија.

Родова свесност е разбирање дека постојат општествено утврдени разлики помеѓу жените и мажите кои се засноваат на научено однесување. Ова влијае на нивната способност за пристап до и контрола на ресурсите. Оваа свесност треба да биде применета преку родова анализа во проекти, програми и политики.

Родова интеграција (gender mainstreaming) е процес на правење проценка за влијанието на било која планирана активност (вклучувајќи легислатива, политики или програми) врз жените и мажите во сите области и на сите нивоа. Крајната цел е постигнување на родова рамноправност.

Родова рамноправност - концептот на родова рамноправност оди над фокусот за еднаков третман и се заснова на важноста од резултати. Се залага за различен третман на групите со цел да се стави крај на нерамноправноста. Родовата рамноправност значи дека жените и мажите уживаат ист статус. Родовата рамноправност значи дека жените и мажите имаат еднакви услови за остварување во целост на нивните човекови права и потенцијал да придонесат кон националниот, политичкиот, економскиот, општествениот и културниот развој, и да имаат придобивки од развојот.

Родова еднаквост е правичност и праведност во распределбата на ресурсите, можностите и придобивките за жените/девојчињата во однос на мажите/момчињата. Еднаквоста произлегува од препознавањето дека поради историски и структурни причини, одредени групи се соочуваат со неповолности и затоа мора да бидат преземени контекстуализирани мерки кои ќе осигураат дека нивната неповолна позиција не е вечна.

Родови стереотипи се генерализирани гледишта или предубедување за атрибутите или карактеристиките кои треба да ги поседуваат жените и мажите, како и улогите кои треба да ги имаат и едните и другите. Стеротипот за тоа кои особини се „машки“, опфаќа карактеристики како што се: компетитивноста, храброста, строгоста, агресивноста, активноста, додека како „женски“ црти се третираат: кооперативноста, плашливоста, попустливоста, пасивноста и нежноста.

Родова демократија ја промовира намерата за создавање демократски односи помеѓу жените и мажите. Родовата демократија ги идентификува процесите кои се неопходни за да се демократизираат односите помеѓу жените и мажите во рамки на репрезентативната демократија на национално и меѓународно ниво. Терминот родова демократија поврзува неколку аспекти, а значењето може да се објасни токму преку тие аспекти и тоа: давање на централно значење на родот преку ставање на родовата еднаквост на прво место; адресирање на сексизмот, мизогинијата и нееднаквоста, анализирање на патријархатот и моќта, менување на родовите улоги, прераспределба на моќта, создавање на нова дефиниција за машкост, како и давање на централно значење на еднаквоста преку инвестирање во добросостојба на сите, инвестирање во жените и девојчињата итн.

С

Сексизам е појава која се базира на верувања, ставови или однесувања кои потекнуваат од општествените стереотипи за традиционалните родови улоги и кои омалуважуваат и дискриминираат на основа на полот на индивидуата. Сексизмот е најчесто насочен кон жените, односно го промовира машкиот пол како подоминантен, поинтелегентен, поспособен итн од женскиот пол.

Сексуално и репродуктивно здравје е состојба на физичка, емотивна, ментална и општествена благосостојба во релација со сексуалноста. Тоа не подразбира само непостоење на болести и дисфункции. Сексуалното здравје бара позитивен приод исполнет со почитување на сексуалноста и сексуалните врски, како и можност да се има безбедно сексуално однесување во кое може да се ужива, без никаква присила, дискриминација и насилство. За да може да се осигура и одржи сексуалното здравје мора да се почитуваат, заштитат и исполнат сексуалните права на сите лица. Со репродуктивното здравје се обрнува внимание на репродуктивните процеси, функции и на репродуктивниот систем во сите фази од животот.

Сексуални и репродуктивни права ги вклучуваат човековите права кои веќе се признаени од страна на националните закони, меѓународните документи за човековите права и другите заеднички документи. Овие права го вклучуваат правото на сите лица, без присила,

дискриминација или насилство, на највисокиот стандард на сексуално здравје што може да се достигне, вклучувајќи го и пристапот до услугите за сексуално и репродуктивно здравје; да бараат, добијат и да дадат информации во врска со сексуалноста; образование за сексуалност; почит кон телесниот интегритет; избор на партнер; да одберат дали да бидат сексуално активни или не; да градат консензуални сексуални врски; да влезат во консензуален брак; да одлучат дали и кога ќе имаат деца, да трагаат по задоволителен, безбеден сексуален живот исполнет со уживање.

Сексуалност е централен аспект на човековиот живот и ги опфаќа полот, родот и родовите идентитети, сексуалната ориентација, еротицизмот, задоволството, интимноста, и репродукцијата. Сексуалноста се доживува и се изразува преку мисли, фантазии, копнежи, ставови, вредности, однесување, улоги и врски. Иако сексуалноста ги опфаќа сите овие димензии, не значи дека секогаш секоја од нив ќе биде доживеана или изразена. На сексуалноста влијаат биолошките, психолошките, социјалните, економските, политичките, етичките, правните, историските, религиозните и духовните фактори.

Сексуална експлоатација е поим кој означува било каква постоечка или обид за злоупотреба на положбата на ранливост на едно лице, диференцијална моќ или доверба за сексуални цели вклучувајќи, но не ограничувајќи се на, профитирање од финансиски, социјален или политички аспект. Некои видови на „присилна проституција“ може да влезат во оваа категорија.

Сексуално насилство според Истанбулската конвенција е дефинирано како вагинална, анална или орална пенетрација од сексуална природа со кој било телесен дел или предмет во телото на друго лице без негова согласност. Тоа вклучува и други акти од сексуална природа со лице без нејзина/негова согласност, како и наведување друго лице да се вклучи во акти од сексуална природа со трето лице без негова согласност. Жени особено ранливи на сексуално насилство се комерцијални сексуални работнички, жени со попреченост, жени сместени во институции, нехетеросексуални жени и жени од одредени етнички, расни или религиозни групи.

Сексуално вознемирување (на јавни простори и на работно место) е секој облик на несакано вербално, невербално или физичко однесување од сексуален карактер, со цел или последица повреда на достоинството на едно лице, особено кога се создава застрашувачка, непријателска, деградирачка, понижувачка или навредлива атмосфера.

Селективен абортус е прекин на бременоста врз основа на утврдениот пол на плодот. Во најголемиот број на случаеви се практикува по добивање на сознание дека плодот е од женски пол.

Сексуален напад е форма на сексуално насилство и претставува сексуален акт што не е доброволен, и се остварува по пат на присила со заканување или со употреба на физичка сила. Силувањето е намерен акт на

насилство и претставува манифестација на моќ, контрола и доминација, а не на неконтролирана сексуална возбуда или желба. Силувањето може да се јави во повеќе форми и тоа: силување во брак или интимна партнерска врска, силување од познато наспроти силување од непознато лице, групно силување и силување во војна.

Самоубиство поради домашно насилство - Самоубиства извршени од страна на жените да го избегнат насилството и угнетување, понекогаш се предизвикани од страна на притисок од членови на семејството со почитување на "правилно" или "чесно" однесување. Во некои случаи, евидентирани случаи на самоубиства, исто така може да бидат маскирани како убиства (Специјален известувач на ОН НВЖ 2007).

Специјализирани услуги за жени жртви на насилство претставуваат сервиси за поддршка кои креираат и нудат сет на услуги кои треба да одговорат на конкретните потреби на жртвите на различни облици на насилство врз жената и согласно тоа не се отворени за општата популација. Иако овие специјализирани сервиси може да бидат раководени и финансирани и од страна на државата, сепак во најголем дел истите ги обезбедуваат и пружаат невладините организации кои работат во оваа област. Во специјализирани сервиси спаѓаат: засолништа за жени жртви на насилство, кризни центри за жртви на силување, центри за жртви на сексуално насилство, телефонски линии за помош, советувалишни центри (кризна интервенција, психолошко советување, бесплатна правна помош).

Советувалиште за психосоцијален третман на сторители на семејно насилство е програма развиена на основа на конгнитивно-бихејвиорална психотерапија чија основна цел е промена на насилното однесување првенствено преку разбирање и прифаќање на сторителот дека извршил насилство, вежбање на техники за справување со стрес и учење на нови ненасилни облици на однесување.

Т

Трговија со луѓе е начин на заведување, измамување, принудување или на поинаков начин преселување на луѓе од нивниот дом или држава, кои потоа се принудени да работат со или без ниско плаќање или под екстремно експлоатирачки услови. Начинот се смета за продажба на или тргување со луѓе, што има многу карактеристики на робување, и кој во многу држави е нелегален. Жртвите на трговијата со луѓе можат да бидат искористени во различни ситуации, меѓу кои проституција, присилна работа (тука спаѓа принудна работа или ропство поради долг) и други форми на принудно ропство. Продажбата на бебиња и деца за посвојување или за други цели исто така се смета за трговија со тие деца.

Трговија со луѓе и сексуална експлоатација како термин го опфаќа организираното движење на луѓе, најчесто на жени, помеѓу државите и во рамките на државите, за сексуална работа со употреба на физичка принуда, измама и заробување поради присилен долг.

Траума доживување настан кој предизвикува повреда или стрес на физичката и/или психолошката благосостојба на една личност.

Телефонски линии за помош (СОС линии) се една од најважните алатки кои им овозможуваат на жртвите да побараат и пронајдат помош и поддршка. СОС линија со добро познат број што овозможува поддршка и т.н.

кризно советување, како и упатување до други директни услуги – сместување, советувалишта, полициска интервенција, е всушност основата на секој вид на услуга за сите форми на насилство. СОС линијата треба да овозможува поддршка на сите јазици што се говорат во заедницата.

У

Убиство во име на „Честа“ е практика во која жените и девојките осомничени за сквернавење на честа на нивните семејства со „нивните злодела“ може да бидат убиени од страна на нивниот брат, татко, чичко или друг роднина, кој со тоа ја враќа честта. Вакви убиства се извршуваат во случаи на силување, неверство, флерт или било кој друг пример кој се смета за нарушување чест на семејството, а потоа жената се убива од страна на машки роднина со цел да се врати името на семејството во заедницата. Мажите кои извршиле убиството обично поминуваат неказнето или добиваат намалена казна.

Ф

Фемицид е најтешка форма на насилство врз жени и може да биде директна последица на домашно насилство или интимно-партнерско насилство. Терминот фемицид означува намерно убиство на жена затоа што е жена.

Физичко насилство е форма на домашно насилство и се манифестира со употреба на физичка сила или пак закана дека истата ќе биде употребена и подразбира широк спектар на дејствија како туркање, удирање шлаканици, кубење коса, удирање, клоцање или напад со фрлање предмети, нанесување повреди со најразлични видови оружја, нанесување изгореници и сл, кои можат да резултираат со мали или сериозни повреди. Физичкото насилство може да има и фатален исход – убиство, односно обид за убиство.

Феминизам е поим кој означува збир од идеологии, општествени движења и теории чија цел е дефинирање, воспоставување и бранење на еднакви политички, културни, економски и социјални права на жените. Феминизмот генерално се занимава со подобрување на положбата на жената во општеството и ослободување на жените од сексизам, насилство и традиционални женски улоги.

Ч

Човекови права претставуваат права и привилегии кои луѓето ги поседуваат како човечки суштества. Правата на човекот се универзални, употребливи во секоја сфера од животот и еднакви за сите. Човековите права овозможуваат темелна основа врз којашто можат да се спроведуваат човековиот развој и човековата безбедност.

Ш

Шовинизам е свесно или несвесно убедување дека мажите се супериорни од жените во сите сфери од живеењето. Тој се однесува на одржувањето на фиксирани верувања и ставови на машка супериорност, поврзани со отворена или прикриена амортизација на жените.

Штетни традиционални практики – културолошки, општествени и религиозни обичаи и традиции кои можат да бидат штетни на човековото ментално или физичко здравје. Најмногу застапени форми кои ги повредуваат жените и женските деца се: женско генитално осакатување, малолетнички бракови, убиство во име на „честа“, женско чедоморство, рамнење на градите (breast ironing), присилно хранење (force feeding), продавање на невести (dowry abuse) итн.

Водечки принципи за новинари и медиумски работници

Новинарите и другите медиумски работници играат клучна улога не само во подигање на свеста за РЗН, но исто така и во борба против митовите и застарени ставови кои може да бидат присутни во ова прашање. Обрнувањето внимание на позитивни приказни на зајакнување и издржливоста, на пример, може да помогне во илустрацијата како жените кои преживеале насилство често дејствуват како застапници и поборници за промени. Подолу се наведени неколку предлози за новинарите и другите медиумски работници за водење на безбедно и етичко известување за родво засновано насилство:

Избегнувајте осудувачки јазик. Пишувајќи за историјата на жена која преживеала насилство, нејзината сексуална практика или сексуална ориентација, она што таа била облечена, каде била, што правела, или во кое време на денот на злоупотреба се случи би можело да имплицира вина на жената која преживеала насилство. Општо земено, контекстуалните фактори како што се погоре наведените треба да се избегнуваат во сите медиумски известувања за РБН. Покрај тоа, формите на РБН не треба да се претставуваат како "нормални" или како дел од културата. Етничката припадност на жената која преживеала насилство и сторителот не треба да бидат објавени освен ако не е оправдано и релевантно за приказната. Исто така се препорачува да се избегнува со користење на терминот "наводно" силување или

сексуален напад или спомнување на жената која преживеала насилство како "виновник", бидејќи тоа може да ги зајакне неверувањата дека криминалот навистина се случил и има потенцијал за потикнување на негативните стереотипи.

Никогаш не објавувајте детали кои можат да ја стават жената која преживеала насилство во дополнителен ризик. Имиња, фотографии или други идентификувачки информации за жените кои преживеале насилство, нивните членови на семејството, па дури и понекогаш субјектите кои им обезбедуваат помош (во зависност од контекстот), не треба да се користат. Други информации, вклучувајќи и одредени специфики на инцидентот и физичките карактеристики на жените кои преживеале насилство исто така може да ги изложи на дополнителен ризик и треба да се избегнуваат. Секое прекршување на оваа најдобра практика може да ги стави животите на жените кои преживеале насилство во ризик.

Консултирајте се со експерти од областа на родово базирано насилство. Инпутот од страна на локални експерти од конкретната област ќе ја зголеми длабочината на разбирање преку обезбедување на релевантни контекстуални информации. Овие експерти се обично добро поставени за поддршка на новинарите и другите медиумски работници да обезбедат заштита на правата на жените кои преживеале насилство. Доколку постои прашање на потенцијалната приказна за кршење на правата на жените кои преживеале насилство (или "сива зона", во смисла на безбедност и етика), овие

експерти исто така може да ги насочат медиумските работници да се осигураат дека ја презентираат приказната на таков начин да не го зголемат ризикот од понатамошна злоупотреба или одмазда против жените кои преживеале насилство, нивните семејства, или други лица кои им помагаат.

Обезбедете информации од локални специјализирани сервиси за жртви и организации кои работат на темата. Со согласност на давателите на услуги за жртви, медиумите може да вклучат информации за контакт на локалните организации за поддршка и специјализирани сервиси за жртви со цел да им овозможи на жртвите / сведоците, нивните семејства и други, кои можеби искусиле или биле под влијание на родово базирано насилство да се обратат за заштита. Од суштинско значење е да се добие согласност од специјализираните сервиси за жртви пред да се објави или емитува приказната.

Етичко и безбедно интервју со жена која преживеала насилство

Сензитивно известување значи дека медиумското интервју ги исполнува потребите на жената која преживеала насилство. При интервјуирањето на жена која преживеала насилство, жена интервјуерка и преведувачка (доколку има потреба) треба да бидат на располагање. Многу е важно преведувачката да биде претходно запознаена со доверливоста на интервјуто и за истото да има согласност пред да ја запознае жената која преживеала насилство. Премногу често преведувачи се

наоѓаат во последната минута и можно е да не ја разбираат динамиката и последиците од родово базираното насилство. Исто така можно е да го немаат потребниот вокабулар за спроведување на интервјуто. Доколку новинарите се обучени тие можат да ги ре-фразираат прашањата се со цел да ја минимизираат штетата.

Да се обезбеди безбеден и приватен амбиент. Медиумските практичари мора да сторат сé што можат за да се избегне изложување на интервјуираната на понатамошна злоупотреба. Ова вклучува избегнување на активности кои може да ги поткопа нивниот квалитет на живот или нивното стоење во семејство или заедница.

Однесувајте се со почит кон жената која преживеала насилство. За новинари тоа значи почитување на приватноста, обезбедување на целосни и детални информации за темите кои ќе бидат покриени, и целосно информирање на жената која преживеала насилство за тоа како ќе се користат информациите. Тоа исто така значи, информирање на жената која преживеала насилство пред интервјуто да започне дека нема потреба да одговора на секое прашање на интервјуерот и дека има право да побара да се прескокне одредено прашање или да се одмори, ако интервјуто станува вознемирувачко.

Жената која преживеала насилство има право да одбие да одговори на прашања или да открива информации со кои што не се чувствува удобно. Новинарите и други медиумски работници треба да обезбедат податоци за

контакт и да се стават на располагање. Ова ќе осигура дека жените кои преживеале насилство ќе останат во контакт со новинарите и ќе ги побараат доколку сакаат да споделат повеќе информации.

Избегнувајте прашања, ставови или коментари кои се однесуваат на културните вредности, затоа што тоа ја става жената која прежевеала насилство во опасност и може да ја изложи на понижување. Особено треба да се избегнува поставување прашања само за да се задоволи нечија љубопитност. Тоа може да реактивира чувства на болка и тага поврзани со нивната изложеност на родово базирано насилство.

Обрнете внимание каде и како ќе се спроведе интервјуто. Осигурајте се дека жртвата се чувствува безбедно и комфортно да ја раскаже својата приказна, односно дека нема надворешен притисок, вклучувајќи го тука и притисокот од интервјуерката или преведувачката (доколку е присутна). Пожелно е жените кои преживеале насилство да бидат придружувани од лице на кое му веруваат и кое има улога на застапник на жртвата. Времето и местото за интервју ги одредува жртвата во зависност од тоа кое е најдобро време од денот да го напушти домот. Особено треба да се внимава кој се може да ја слушне приказната на жртвата (на пр. ако собата во која се спроведува интервјуто е одделена со завеса од другите простории) и дали постои опасност по идентитетот и безбедноста на жртвата.
Употребата на слики, снимки или фотографии за да се илустрира РБН е комплицирана задача. Со исклучок на ситуации кога жртвите ќе дадат согласност, фотографиите

не смеат да имаат детали по кои може да биде идентификувана жртвата. Кога се користат слики, подобро е да се искористат оние кои ја илустрираат генералната ситуација, отколку некои кои претставуваат специфични инциденти. Доколку сликите се направени од фотограф, мора да постои писмена согласност од жртвата за нивна употреба и поврзување со приказната која таа ја раскажува, и секако консултација и селекција кои слики е најдобро да бидат употребени. Треба да се избегнува користење на „готови“ слики, особено без согласност на лицето кое е на сликата. Фотографии и слики од деца жртви никогаш не треба да се користат.

Типологија на насилство според Светска здравствена организација

Насилството во животниот циклус на жените

Животна фаза	Вид на насилство
Пренатален период	Селективен абортус, физичко насилство врз мајката за време на бременоста
Рано детство	Женско чедоморство, физичка и психичка злоупотреба
Детство	Детски бракови, Женско генитално осакатување, Физичка, психичка и сексуална злоупотреба, инцест, детска проституција и порнографија
Адолесценција и Зрела возраст	Насилство во врски, Принуден секс од економски причини, Инцест, Сексуална злоупотреба на работно место, Силување, Сексуално вознемирување, Присилна проституција и порнографија, Трговија со жени, Интимно партнерско насилство, Силување во брак, Продавање на невести и присилни бракови, Фемициди, Психичко насилство, Насилство врз жени со попреченост, Присилна бременост
Старост	Присилни „самоубиства“ или убиства на вдовици заради наследство, сексуално, физичко и психичко насилство

Сервиси за жртви на домашно насилство раководени од невладини организации, јуни 2015

СОС линии

15 700 Организација на жени на град Скопје

15 315 Кризен Центар „Надеж“

070/075/077 141 700 Национален совет за родова рамноправност

Засолништа – двете национални СОС линии имаат сместувачки капацитети. Организација на жени на град Скопје раководи со шелтер центар кој обезбедува сместување до 3 месеци. Кризен центар „Надеж“ обезбедува кризно сместување од 24 – 48 часа.

Психосоцијална помош и поддршка

Прв семеен центар (Х.Е.Р.А – Асоцијација за здравствена едукација и истражување)

Бесплатна правна помош

Хелсиншки комитет за човекови права на РМ

Х.Е.Р.А – Асоцијација за здравствена едукација и истражување

Организација на жени на општина Свети Николе

„Женски форум“ – Тетово

Едукативно – хуманитарна организација „ЕХО“ – Штип

Користена литература

Димитров, С., Костовски. Д. (2013). Општество, род, сексуалност, сексуално здравје и МСМ во Македонија - Истражување во заедницата; ХЕРА - Асоцијација за здравствена едукација и истражување, Скопје, 2013.

Кенинг, Н. (2011). Насилство: Родова перспектива; Филозофски факултет - Скопје

Кенинг, Н. (2013). Известување за семејното насилство во печатените медиуми: состојба и препораки. Македонска ревија за казнено право и криминологија.

Котевска.Б (2013). *Водич за основи за дискриминација*, ОБСЕ, Скопје, 2013.

Кривичен законик (КЗ) („Службен весник на Република Македонија“ бр.37/1996; 80/1999; 4/2002; 43/2003; 19/2004; 81/2005; 60/2006; 73/2006; 7/2008; 139/2008, 114/2009, 51/2011; 135/2011; 185/2011; 142/2012 и 166/2012)

Министерство за труд и социјална политика (2010). Прирачник за заштита од дискриминација, Министерство за труд и социјална политика, Сектор за еднакви можности, Скопје, 2010.

Мирчева, С. (2011). Анализа на националната легислатива и идентификување на основните области кои треба да се усогласат со одредбите на Конвенцијата на Советот на Европа за спречување и борба против насилството врз жените и домашното насилство - CAHVIO. Скопје: Фонд за развој на ООН.

Мирчева,С., Гогов,Б. (2014) Базична студија: анализа на усогласеноста на законодавството на Република Македонија со Конвенцијата на советот на Европа за спречување и борба против насилство врз жените и домашно насилство.

Совет на Европа: Конвенција за спречување и заштита од насилство врз жени и домашно насилство(CAHVIO), Explanatory Report, CETS No.: 210.

Законот за превенција, спречување и заштита од семејно насилство, („Службен весник на Република Македонија“ бр. 138/2014, 33/2015 и 150/2015)

Закон за спречување и заштита од дискриминација (ЗСЗД) („Службен весник на Република Македонија“ бр.50/2010“)

Закон за еднакви можности на жените и мажите (ЗЕМЖМ) („Службен весник на Република Македонија“ бр.6/2012“)

Закон за бесплатна правна помош (ЗБПП) („Службен весник“ бр. 161/2009, и 185/2011)

http://www.unwomen.org/en/digital-library /publications ? topic=ed83b18f66fc4382a40456012eae9e48

http://www.who.int / gender-equity rights/ knowledge/ women - and-girls-topic/en/

Национална
мрежа
против насилство врз
жените и семејното
насилство

ISBN 978-608-65946-2-6